Врз основа на член 80-а став 6 од Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11 и 11/12), министерот за здравство, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ПО БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ПАРАЛЕЛЕН УВОЗ НА ЛЕКОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради недонесување на решение по барањето за добивање одобрение за паралелен увоз на лекови, во рок утврден во членот 80-а став 3 од Законот за лековите и медицинските помагала.

Член 2

Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец „Барање заради недонесување на решение по барањето за добивање одобрение за паралелен увоз на лекови”, со формат А4 во бела боја, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, назив на барањето, назив на правното лице, седиште на правното лице, краток опис поради кој се поднесува барањето, број, датум и место и потпис на подносителот на барањето.

Кон барањето од став 1 на овој член се поднесува копие од барањето за добивање одобрение за паралелен увоз на лекови.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 15-2660/1
3 април 2012 година
Скопје

Министер за здравство,
**Никола Тодоров,** с.р.

Прилог

До писарницата на
директорот на Агенцијата за лекови

**Б А Р А Њ Е**
заради недонесување на решение по барањето за добивање одобрение за
паралелен увоз на лекови

Од _______________________________________________________ , со
(назив на правното лице)
седиште

во__________________ , на улица ________________________________ , број

_______ .

На _______________________________________ поднесов барање за
(ден, месец и година)

добивање одобрение за паралелен увоз на лекови.

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Бидејќи во рокот утврден во членот 80-а став 3 од Законот за лековите и медицинските помагала не е донесено одобрение за паралелен увоз на лекови, односно не е донесено решение за одбивање на барањето, поднесувам барање до директорот на Агенцијата за лекови да донесе решение за паралелен увоз на лекови, односно решение за одбивање на барањето за паралелен увоз на лекови.

Кон ова барање доставувам копија од поднесеното барање за добивање одобрение за паралелен увоз на лекови.

Подносител на барањето

________________________
(правно лице)

Број: ____________________
Датум: ___________________
Место: ___________________

## МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

**1346.**

Врз основа на членот 13 став (7) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија” бр. 115/10, 158/11 и 185/11), министерот за култура, донесе

### П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА БОДИРАЊЕ НА ПИСМЕНИОТ ДЕЛ ОД СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ПРОЦЕНУВАЧ ОД ОБЛАСТ НА АВТОРСКОТО ПРАВО И НА СРОДНИТЕ ПРАВА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за бодирањето на писмениот дел од стручниот испит за проценувач од областа на авторското право и сродните права (во натамошниот текст : писмен дел од стручниот испит).

Член 2

Писмениот дел од стручниот испит што се состои од два дела: тест и изработка на практичен пример за процена на случај од областа на авторското право и на сродните права, се бодира со определен број на бодови.

Член 3

Тестот од писмениот дел од стручниот испит се состои од 20 прашања од следните области:

- поим на правото на интелектуална сопственост,
- извори на авторското право и сродните права,
- субјекти, носители и содржина на авторското право и на сродните права,
- авторското право и сродните права,
- ограничување, траење и остварување на авторското право и на сродните права,
- промет на авторското право и сродните права,
- правна заштита на авторското право и на сродните права.
- процена на авторското право и на сродните права (методи на процена, полиња на процена, стандарди на процена, етички начела на процена и критериуми на процена).

Секое прашање на тестот се бодува со три бода и кандидатот може да оствари најмногу 60 бодови.

Член 4

Кандидатот се смета дека го положил писмениот дел од стручниот испит доколку има освоено најмалку 36 бодови.

Член 5

Практичниот пример за процена на случај од областа на авторското право и на сродните права се состои од решавање на три (3) случаи за процена од областа на авторското право и на сродните права.

Точното решение на секој случај за процена се бодува со 20 бодови и кандидатот може да оствари најмногу 60 бодови.

Кандидатот ќе се смета дека го положил овој дел од испитот доколку има најмалку 40 бодови.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 54-6125/2
6 април 2012 година
Скопје

Министер за култура,
д-р **Елизабета Канческа-Милевска,** с.р.

**1347.**

Врз основа на член 47 став (1) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија” бр. 115/10, 158/11 и 185/11), министерот за култура, донесе

### П Р О Г Р А М А ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРВАТА ПОЧЕТНА ОБУКА ЗА ПРОЦЕНУВАЧ ОД ОБЛАСТ НА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

1. Со оваа програма се пропишува спроведувањето на првата почетна обука за проценувач од област на авторското право и сродните права (во натамошниот текст: обука).

2. Програмата за спроведување на првата почетна обука ги опфаќа следните области:

- Општи знаења за процена;
- Постапка за станување на проценител;
- Професионална етика;
- Поим на правото на интелектуална сопственост;
- Извори на авторското право и сродните права;
- Субјекти, носители и содржина на авотрското право и на сродните права;
- Авторското право и сродните права;
- Ограничување, траење и остварување на авторското право и на сродните права;
- Промет на авторското право и сродните права;
- Правна заштита на авторското право и на сродните права;
- Процена на авторското право и на сродните права (методи на процена, полиња на процена, стандарди на процена, етички начела на процена и критериуми на процена).

Структурата на областите од оваа точка е дадена во Прилог број 1, што е составен дел на оваа програма.

3. Обуката ќе се организира во седум (7) работни денови во попладневните часови и/или во денови на викенд според распоредот изготвен од предавачите, што кандидатите го добиваат на првиот ден на обуката.

4. Обуката се спроведува во 30 (триесет) наставни часови во траење од 45 минури и тоа:

| | |
|---|---|
| Општи знаења за процена | Еден наставен час |
| Постапка за станување на проценител | Еден наставен час |
| Професионална етика | Еден наставен час |
| Поим на правото на интелектуална сопственост | Еден наставен час |
| Извори на авторското право и сродните права | Два наставни часа |
| Субјекти, носители и содржина на авотрското право и на сродните права | Три наставни часа |
| Авторското право и сродните права | Три наставни часа |
| Ограничување, траење и остварување на авторското право и на сродните права | Два наставни часа |
| Промет на авторското право и сродните права | Три наставни часа |
| Правна заштита на авторското право и на сродните права | Три наставни часа |
| Процена на авторското право и на сродните права (методи на процена, полиња на процена, стандарди на процена, етички начела на процена и критериуми на процена) | Десет наставни часа |

5. Литературата за обуката е дадена во Прилог број 2, што е составен дел на оваа програма.

6. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 54-6125/1
6 април 2012 година
Скопје

Министер за култура,
д-р **Елизабета Канческа-Милевска,** с.р.

Прилог број 1

## СТРУКТУРА НА ОБЛАСТИТЕ НА ПРВАТА ПОЧЕТНА ОБУКА ЗА ПРОЦЕНУВАЧ ОД ОБЛАСТ НА АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

### I ОПШТИ ЗНАЕЊА ЗА ПРОЦЕНА

1. Значење на изразите употребени во Законот за процена
2. Основни начела за вршење на процена
3. Вршење на процена
4. Комора на проценувачи и органи на Комората на проценувачи.

### II ПОСТАПКА ЗА СТАНУВАЊЕ НА ПРОЦЕНИТЕЛ

1. Услови за полагање стручен испит за проценувач
2. Почетна обука за проценувач
3. Стручен испит.

### III ПРОФЕСИОНАЛНА ЕТИКА

1. Добивање и одземање лиценца
2. Осигурување од одговорност
3. Дисциплинска одговорност.

### IV ПОИМ НА ПРАВОТО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

1. Што е тоа право на интелектуална сопственост?
2. Систем на правото на интелектуална сопственост
3. Правото на интелектуална сопственост и другите правни гранки
4. Значење на заштитата на правото на интелектуална сопственост

### V ИЗВОРИ НА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

1. Домашни извори на авторското право и на сродните права
2. Меѓународни организации
3. Меѓународни извори на авторското право и сродните права

## VI СУБЈЕКТИ, НОСИТЕЛИ И СОДРЖИНА НА ПРАВАТА ОД АВТОРСКОТО ПРАВО И НА СРОДНИТЕ ПРАВА

1. Автор и носители на сродни права
2. Повеќе носители на авторското право и на сродните права
3. Авторско право и сродни права од работен однос
4. Содржина и искористување на авторското право и на сродните права

## VII АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

1. Создавање на авторско дело и стекнување со авторскоправна заштита
2. Видови авторски дела
3. Основни правила за сродните права
4. Права на изведувачите
5. Права на фонограмските продуценти
6. Права на филмските продуценти
7. Права на РТВ организациите
8. Права на издавачите и други лица
9. Права на изготвувачите на бази на податоци со „суи генерис“ заштита

## VIII ОГРАНИЧУВАЊЕ, ТРАЕЊЕ И ОСТВАРУВАЊЕ НА АВТОРСКОТО ПРАВО И НА СРОДНИТЕ ПРАВА

1. Ограничување на авторското право и сродните права
2. Траење на авторското право и сродните права
3. Методи на остварување на авторското право и на сродните права
4. Колективно остварување на авторското право и сродните права

## IX ПРОМЕТ СО АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

1. Модалитети на промет со авторското право и сродните права
2. Основи на авторското договорно право
3. Издавачки договор
4. Договор за јавно изведување/претставување на авторско дело
5. Договор за нарачка на авторско дело
6. Договор за филмска продукција

## X ПРАВНА ЗАШТИТА НА АВТОРСКОТО ПРАВО И НА СРОДНИТЕ ПРАВА

1. Граѓанскоправна заштита на авторското право и сродните права

2. Граѓанскоправна заштита на авторското право и сродните права во постапка за извршување заради обезбедување
3. Казненоправна заштита на авторското право и сродните права
4. Управноправна заштита на авторското право и сродните права

## XI ПРОЦЕНА НА АВТОРСКОТО ПРАВО И НА СРОДНИТЕ ПРАВА

1. Методи на процена
2. Полиња на процена
3. Стандарди на процена
4. Етички начела на процена
5. Критериуми на процена

Прилог број 2

ЛИТЕРАТУРА ЗА ПРВАТА ПОЧЕТНА ОБУКА ЗА ПРОЦЕНУВАЧ

1. Закон за процена ( Службен весник на РМ бр.115/10, 159/11, и 195/11);
2. Закон за авторското право и сродните права (Службен весник на РМ, бр. 115/10, 140/10 и 51/11);
3. Закон за трговските друштва (Службен весник на РМ, бр. 28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 08/11, 21/11 и 24/11);
4. Закон за преземање на акционерските друштва (Службен весник на РМ, бр. 04/02, 37/02, 36/07, 67/10 и 35/11);
5. Закон за сопственост и други стварни права (Службен весник на РМ, бр. 18/01, 31/08, 92/08, 139/09 и 35/10);
6. Закон за облигационите односи (Службен весник на РМ, бр. 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09 и 161/09);
7. Закон за парничната постапка (Службен весник на РМ, бр. 79/05, 110/08, 83/09 и 116/10);
8. Закон за обезбедување на побарувањата (Службен весник на РМ, бр. 87/07);
9. Закон за договорен залог (Службен весник на РМ, бр. 05/03, 04/05, 87/07 и 51/11);
10. Закон за стечај (Службен весник на РМ, бр. 34/06, 126/06, 84/07, 03/08, 122/09 и 47/11);
11. Кривичен законик (Службен весник на РМ, бр. 37/96, 80/99, 48/01, 04/02, 16/02, 43/03, 19/04, 40/04, 81/05, 50/06, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 51/11 и 135/11);
12. Закон за ревизија (Службен весник на РМ, бр. 158/10 и 135/11);
13. Меѓународни стандарди за ревизија (Службен весник на РМ, бр. 79/10);
14. Правилник за водење сметководство (Службен весник на РМ, бр. 159/09, 164/10 и 107/11);
15. Правилник за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот (Службен весник на РМ, бр. 107/11);
16. Правилник за формата, содржината и начинот на пополнување на образецот за распределба на остварените приходи по дејности СПД - Рекапитулар (Службен весник на РМ, бр. 02/08);

17.Правилник за начинот на ревалоризација (Службен весник на РМ, бр. 14/94);
18.Уредба за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки (Службен весник на РМ, бр. 64/02, 98/02 и 10/08);
19.Правилник за деловните книги, начинот на нивното водење и искажувањето на финансискиот резултат (Службен весник на РМ, бр. 29/94);
20.Правилник за формата, содржината и начинот на водење на работните книги и на помошната евиденција на даночните обврзници што вршат стопанска и професионална дејност (Службен весник на РМ, бр. 01/88, 38/91, 29/94, 07/95, 35/95, 10/02, 21/08 и 22/11);
21.International Financial Reporting Standards;
22.International Accounting Standards (IAS);
23.International Valuation Standards;
24.Business Valuation Standards.
25.Дабовиќ-Анастасовска, Ј. и Пепељугоски В., Право на интелектуална сопственост, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2008;
26.Дабовиќ-Анастасовска, Ј., Здравева, Н. и Гавриловиќ, Н., Основи на правото на интелектуална сопственост: практикум, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2011;
27.Дабовиќ-Анастасовска, А. и Пепељугоски В., Авторско право, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2006;
28.Поленак-Аќимовска, М., Дабовиќ-Анастасовска, Ј., Пепељугоски, В., Наумовски Г., Здравева, Н. и Гавриловиќ, Н., Авторско право и сродни права: коментар и прилози, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2004;
29.Поленак-Аќимовска, М., Дабовиќ-Анастасовска, Ј., Пепељугоски, В., Дуковска-Деспотовска, Ј., Здравева, Н. и Гавриловиќ, Н., Авторско право и сродни права: меѓународни извори, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2004;
30.Taplin, R., ed., Valuating Intellectual Property in Japan, Britain and the United States, Routledge, London and New York, NY, 2004;
31Smith, G.V. and Parr, R.L., Intellectual Property: Licensing and Joint Venture Profit Strategies, 3rd ed., John Wiley & Sons, Inc., Hoboken, NJ, 2004;
32.Glick, M.A., Reymann, L.A. and Hoffman, R., Intellectual Property Damages: Guidelines and Analysis, John Wiley & Sons, Inc., Hoboken, NJ, 2003;

33.Parr, R.L., Royalty Rates for Licensing Intellectual Property, John Wiley & Sons, Inc., Hoboken, NJ, 2007;
34.Smith, G.V. and Parr, R.L., Intellectual Property: Valuation, Exploitation, and Infringement Damages, John Wiley & Sons, Inc. Hoboken, NJ, 2005;
35.Reilly, R.F. and Schweihs, R.P., eds., The Handbook of Business Valuation and Intellectual Property Analysis, McGraw-Hill, New York, NY, 2004;
36.Razgaitis, R., Valuation and Dealmaking of Technology-Based Intellectual Property: Principles, Methods, and Tools, John Wiley & Sons, Inc., Hoboken, NJ, 2009;
37.Peeters, C. and van Pottelsberghe de la Potterie, B., eds., Economic and Management Perspectives on Intellectual Property Rights, Palgrave Macmillan, Basingstoke, 2006;
38.Junghans, C. and Levy, A., Intellectual Property Management: A Guide for Scientists, Engineers, Financiers, and Managers, Wiley-VCH, Weinheim, 2006;

---

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1348.**

Судскиот совет на Република Македонија по правосилно спроведената постапка согласно член 93 став 1 алинеја 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија в.в. со член 41 став 2 од Законот за судовите, го објавува следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се разрешува од вршење на судиската функција Роза Ричлиева судија на Основниот суд Струмица, поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција од член 75 став 1 алинеја 2 од Законот за судовите в.в. со член 27 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите.

Бр. 07-680/12
9 април 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафироска,** с.р.

---

**1349.**

Судскиот совет на Република Македонија по правосилно спроведената постапка согласно член 93 став 1 алинеја 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија в.в. со член 41 став 2 од Законот за судовите, го објавува следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се разрешува од вршење на судиската функција Славица Ѓорѓиевска, судија на Основниот суд Крива Паланка, поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција од член 75 став 1 алинеја 2 и 10 од Законот за судовите.

Бр. 07-681/12
9 април 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафироска,** с.р.

---

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1350.**

Врз основа на член 114 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010 и 135/2011), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија постапувајќи по Барањето бр. 08-УП1-19 од 15.3.2012 година, на седницата одржана на ден 4.4.2012 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР**

1. Се обновува дозволата за работење на брокер на Емилија Вукиќевиќ од Скопје, издадена со Решение бр. 07- 1702/4 од 2.7.2007 година.

2. Обновената дозвола за работење на брокер на Емилија Вукиќевиќ се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Емилија Вукиќевиќ престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-УП1-19 Комисија за хартии од вредност
4 април 2012 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

**1351.**

Врз основа на член 114 од Законот за хартии од вредност (“Службен весник на Република Македонија” бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010 и 135/2011), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија постапувајќи по Барањето бр. 08-УП1-20 од 15.3.2012 година, на седницата одржана на ден 4.4.2012 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР**

1. Се обновува дозволата за работење на брокер на Катерина Илиќ Нонкуловска од Скопје, издадена со Решение бр. 07- 2418/4 од 6.9.2007 година.
2. Обновената дозвола за работење на брокер на Катерина Илиќ Нонкуловска се дава за период од пет години од денот на издавањето.
3. Дозволата за работење на брокер на Катерина Илиќ Нонкуловска престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-УП1-20 Комисија за хартии од вредност
4 април 2012 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

**1352.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија” бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010 и 135/2011), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија постапувајќи по барањето бр.08-УП1-22 од 21.3.2012 година на седницата одржана на ден 4.4.2012 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР**

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Филип Јаневски од Скопје.
2. Дозволата за работење на брокер на Филип Јаневски се дава за период од пет години од денот на издавањето.
3. Дозволата за работење на брокер на Филип Јаневски престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-УП1-22 Комисија за хартии од вредност
4 април 2012 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

**1353.**

Врз основа на член 151 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010 и 135/2011), постапувајќи по барањето бр.08-УП1-23 од 21.3.2012 година Комисијата за хартии од вредност на РМ, на седницата одржана на ден 4.4.2012 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНЕН СОВЕТНИК**

1. Се дава дозвола за работење на инвестиционен советник на Филип Јаневски од Скопје.
2. Дозволата за работење на инвестиционен советник на Филип Јаневски се дава за период од пет години од денот на издавањето.
3. Дозволата за работење на инвестиционен советник на Филип Јаневски престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 213 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-УП1-23 Комисија за хартии од вредност
4 април 2012 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1354.**

Врз основа на член 21 и 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

### О Д Л У К А
### ЗА РАСПОЛОЖЛИВИТЕ ДЕПОЗИТИ

1. Со оваа одлука се регулираат начинот и условите за пласирање на расположливите депозити во денари (во натамошниот текст: депозитите) кај Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народната банка).

2. Сите банки и филијали на странски банки (во понатамошниот текст: банките) имаат право на пласирање средства во депозити кај Народната банка.

3. Роковите на достасување на депозитите се еден работен ден (преку ноќ) и седум дена, без можност за предвремено повлекување делумно или во целост.

4. Народната банка плаќа камата на депозитите преку ноќ по каматна стапка од 1,0% на годишно ниво.

Каматната стапка на депозитите на седум дена ја утврдува гувернерот и таа, заедно со останатите услови, се објавува на интернет-страницата на Народната банка.

Каматата се пресметува со примена на следнава формула:

$$K = \frac{D \cdot k \cdot d}{100 \cdot 360}$$

каде што:

К - камата на депозитот;

D - износ на депозитот;

к - каматна стапка;

d - календарски број на денови.

5. Банката може да пласира депозити преку ноќ кај Народната банка секој работен ден, а депозити на седум дена, еднаш неделно.

Банката ја известува Народната банка за износот што ќе го пласира во депозити, преку СВИФТ или друг начин на писмено известување.

6. Банката го врши пласирањето средства во депозити кај Народната банка преку доставување налог за пренос на средства на посебна сметка кај Народната банка.

Банката го доставува налогот за пренос на средства во депозити преку ноќ од моментот кога Македонскиот интербанкарски платен систем (во натамошниот текст: МИПС) престанува со примање пораки за пренос на средства од носителите на платниот промет за нивните клиенти, до моментот кога МИПС престанува да прима пораки за пренос на средства од носителите во платниот промет, согласно со редовниот термински план на МИПС и тој е неотповиклив.

Банката го доставува налогот за пренос на средства во депозити на седум дена од моментот кога МИПС почнува со работа, до моментот кога МИПС престанува да прима пораки за пренос на средства од носителите на платниот промет за нивните клиенти, согласно со редовниот термински план на МИПС и тој е неотповиклив.

7. Народната банка и ги исплаќа депозитите на банката на денот на достасувањето, на почетокот на работното време на МИПС.

Каматата се пресметува и се плаќа во текот на истиот работен ден.

8. Народната банка има право да го ограничи пласирањето средства во депозити, делумно или во целост, заради исполнување на целите и насоките на монетарната политика.

9. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 11.4.2012 година.

О.бр. 02-15/IV-1/2012 Гувернер и претседавач
6 април 2012 година на Советот на Народната банка
Скопје на Република Македонија,
**Димитар Богов,** с.р.

---

**1355.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6, а согласно со член 19 став 1 точка 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОЛОЖЛИВ КРЕДИТ ПРЕКУ НОЌ**

I. Во Одлуката за расположлив кредит преку ноќ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2011) се вршат следниве измени:

1. Во точката 4, ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„За одобрениот кредит преку ноќ Народната банка наплаќа камата по каматна стапка којашто се добива со додавање 0,50 процентни поени на каматната стапка на благајничките записи.

Во случај на примена на тендер со каматни стапки, каматната стапка на кредитот преку ноќ се добива со додавање 0,50 процентни поени на просечната пондерирана каматна стапка постигната на последната аукција на благајнички записи.“

2. Во точката 7, став 2 зборот: „терминскиот“ се заменува со зборовите: „редовниот термински“.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 11.4.2012 година.

О.бр. 02-15/IV-2/2012
6 април 2012 година
Скопје

Гувернер и претседавач
на Советот на Народната банка
на Република Македонија,
**Димитар Богов,** с.р.

---

**1356.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010), а согласно со член 266-а став 1 и 6 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/2001, 04/2002, 05/2003, 84/2008, 81/2009 и 161/2009), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РЕФЕРЕНТНАТА СТАПКА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА КАЗНЕНАТА КАМАТА**

1. Во Одлуката за референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2011) во точката 2, по ставот 3 се додава нов став 4, којшто гласи:

„При аукција со примена на тендер со каматни стапки, кога Народната банка го утврдува износот на аукцијата и максималната каматна стапка, а банките аукцираат и со износи и со каматни стапки, референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата е еднаква на максималната каматна стапка на аукцијата утврдена од Народната банка.“

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О.бр. 02-15/IV-3/2012
6 април 2012 година
Скопје

Гувернер и претседавач
на Советот на Народната банка
на Република Македонија,
**Димитар Богов,** с.р.

---

## СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1357.**

Врз основа на член 37, став 1, точки 2 и 5 и член 63, став 1, алинеи 3 и 4 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на РМ” бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/2010, 145/2010, 97/2011, 13/2012), а во согласност со член 64 од истиот закон и Заклучокот на Советот бр.02-1363/2 од 9.4.2012 година, Советот за радиодифузија на РМ, на 7-та (јавна) седница одржана на 6.4.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ НА ТРД „ЏАНГЛ ТВ“ ДООЕЛ СКОПЈЕ, БР. 07-3473/1 ОД 26.11.2008 ГОДИНА**

1. СЕ ОДЗЕМА дозволата за вршење радиодифузна дејност на ТРД „ЏАНГЛ ТВ“ ДООЕЛ Скопје, бр.07-3473/1 од 26.11.2008 година, поради настанување околности што претставуваат законски пречки за имателот да врши радиодифузна дејност – неотпочнување со емитување на програмскиот сервис преку сателит и поради неплаќање на надоместокот за дозволата во рокот утврден во дозволата.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА ТРД „ЏАНГЛ ТВ“ ДООЕЛ Скопје, веднаш, а најдоцна во рок од 8 (осум) дена по приемот на оваа одлука да ги плати доспеаните, неплатени годишни надоместоци за дозволата за вршење радиодифузна дејност во вкупен износ од 8.888.456,00 денари (по Фактура бр.118/2009 од 15.6.2009 - дел во износ од 1.656.847,00 денари; по Фактура бр.119/2010 од 11.6.2010 - износ од 3.628.807,00 денари и по Фактура бр.122/2011 од 16.6.2011, износ од 3.602.802,00 денари).

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе се објави во „Службен весник на РМ”.

О б р а з л о ж е н и е

Советот за радиодифузија на РМ на првото продолжение на 5-та седница, одржано на 21.3.2012, врз основа на член 64 од Законот за радиодифузната дејност („Сл. весник на РМ” бр. 100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/10, 145/10, 97/11, 13/12), а согласно Заклучокот на Советот, бр.02-1071/13 од 22.3.2012, иницираше постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на радиодифузерите кои не го емитуваат својот програмски сервис преку сателит, како и кои не го платиле доспеаниот годишен надоместок за дозволата. Советот одлучи на овие радиодифузери да им даде рок, најдоцна до 5-ти април 2012-та година, да го усогласат своето работење со Законот за радиодифузната дејност и доделената дозвола за вршење радодифузна дејност, како и да ги исполнат обврските кои произлегуваат од истата.

Во врска со ова, а со оглед дека ТРД „ЏАНГЛ ТВ“ ДООЕЛ Скопје, не го емитува својот програмски сервис преку сателит, како и ги нема платено доспеаните надоместоци за дозволата во вкупен износ од 8.888.456,00 денари (по Фактура бр.118/2009 од 15.6.2009 - дел во износ од 1.656.847,00 денари; по Фактура бр.119/2010 од 11.6.2010 - износ од 3.628.807,00 денари и по Фактура бр.122/2011 од 16.6.2011 - износ од 3.602.802,00 денари), Советот му упати Предупредување, бр.05-1177/1 од 22.3.2012, при што му укажа дека е потребно најдоцна до 5-ти април 2012 година да отпочне со емитување на својот програмски сервис преку сателит, како и да ги плати погоре наведените надоместоци за дозволата, напоменувајќи му дека доколку не ги исполни овие обврски, во согласност со член 63, став 1, алинеи 3 и 4 и член 64 од Законот за радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија на РМ ќе му ја одземе дозволата.

Во врска со плаќањето на заостанатиот вкупен долг на доспеаните, а неплатени надоместоци за дозволата за вршење радиодифузна дејност, Советот за радиодифузија на РМ на 6-та седница одржана на 27.3.2012, согласно Заклучокот, бр.02-1201/8 од 28.3.2012, одлучи дека ТРД „ЏАНГЛ ТВ“ ДООЕЛ Скопје, може да го исплати на 3 (три) идентични рати, најдоцна до датумот на издавањето на новата фактура, односно пред 11 јуни 2012 година, за што наведениот радиодифузер мора да склучи Договор за плаќање на рати со Советот, најдоцна до 5-ти април 2012 година, во кој рок истиот мора да ја уплати првата рата, така што задоцнувањето, односно неплаќањето на било која рата ќе претставува основ за одземање на дозволата, согласно член 63, став 1, алинеја 4 и член 64 од Законот за радиодифузната дејност.

Исто така, Советот одлучи дека доколку ТРД „ЏАНГЛ ТВ“ ДООЕЛ Скопје, не склучи Договор за плаќање на рати, потребно е најдоцна до 5-ти април 2012 година да го плати заостанатиот вкупен долг на доспеаните, а неплатени надоместоци за дозволата за вршење радиодифузна дејност, бр.07-3473/1 од 26.11.2008, во вкупен износ од 8.888.456,00 денари. За можноста и условите за плаќање на рати, ТРД „ЏАНГЛ ТВ“ ДООЕЛ Скопје, беше известен од страна на Советот со допис бр.05-1177/2 од 28.3.2012 година.

Заклучно со 5-ти април 2012 година, ТРД „ЏАНГЛ ТВ“ ДООЕЛ Скопје, не отпочна со емитување на својот програмски сервис преку сателит и не го плати заостанатиот вкупен долг на доспеаните, а неплатени надоместоци за дозволата во погоре наведениот износ, односно не се јави во Советот заради склучување Договор за плаќање на надоместоците на рати. Со оглед на ваквата фактичка состојба, а имајќи ги во предвид одредбите содржани во член 63 став 1, алинеи 3 и 4 од Законот за радиодифузната дејност, согласно кои Советот за радиодифузија ја одзема дозволата ако по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот да врши радиодифузна дејност (алинеја 3), како и ако имателот на дозволата не го плати надоместокот во рокот утврден во дозволата (алинеја 4), Советот констатираше дека се исполнети законските претпоставки за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност, бр.07-3473/1 од 26.11.2008 година на ТРД „ ЏАНГЛ ТВ “ ДООЕЛ Скопје.

Во врска со сето погоре наведено, Советот на 7-та (јавна) седница, одржана на 6.4.2012 година, согласно Заклучокот на Советот, бр.02-1363/2 од 9.4.2012 година, донесе одлука како во диспозитивот.

ТРД „ЏАНГЛ ТВ“ ДООЕЛ Скопје, се задолжи веднаш, а најдоцна во рок од 8 (осум) дена по приемот на оваа одлука да ги плати доспеаните, неплатени годишни надоместоци за дозволата за вршење радиодифузна дејност во вкупен износ од 8.888.456,00 денари (по Фактура бр.118/2009 од 15.6.2009-дел во износ од 1.656.847,00 денари; по Фактура бр.119/2010 од 11.6.2010-износ од 3.628.807,00 денари и по Фактура бр.122/2011 од 16.6.2011-износ од 3.602.802,00 денари).

Согласно член 65, став 2 од Законот за радиодифузната дејност, тужбата против оваа одлука, не го одлага извршувањето на одлуката.

Правна поука: Против одлуката за одземање на дозволата, Трговското радиодифузно друштво „ЦАНГЛ ТВ" ДООЕЛ Скопје, има право во рок од 15 дена од денот на добивањето на одлуката да поднесе тужба до надлежен суд.

| | |
|---|---|
| Бр. 07-100 | Совет за радиодифузија на РМ |
| 10 април 2012 година | Заменик на претседателот, |
| Скопје | м-р **Милаим Фетаи**, с.р. |

**1358.**

Врз основа на член 37, став 1, точки 2 и 5 и член 63, став 1, алинеи 3 и 4 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на РМ" бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/2010, 145/2010, 97/2011, 13/2012), а во согласност со член 64 од истиот закон и Заклучокот на Советот бр.02-1363/2 од 9.4.2012 година, Советот за радиодифузија на РМ, на 7-та (јавна) седница одржана на 6.4.2012 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ НА ТРД „ПЕРСПЕКТИВА ТВ" ДООЕЛ СКОПЈЕ, БР. 07- 3482/1 ОД 27.11.2008 ГОДИНА**

1. СЕ ОДЗЕМА дозволата за вршење радиодифузна дејност на ТРД „ПЕРСПЕКТИВА ТВ" ДООЕЛ Скопје, бр.07-3482/1 од 27.11.2008 година, поради настанување околности што претставуваат законски пречки за иماтелот да врши радиодифузна дејност – неотпочнување со емитување на програмскиот сервис преку сателит и поради неплаќање на надоместокот за дозволата во рокот утврден во дозволата.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА ТРД „ПЕРСПЕКТИВА ТВ" ДООЕЛ Скопје, веднаш, а најдоцна во рок од 8 (осум) дена по приемот на оваа одлука да ги плати доспеаните, неплатени годишни надоместоци за дозволата за вршење радиодифузна дејност во вкупен износ од 3.630.780,00 денари (по Фактура бр.122/2010 од 11.6.2010-износ од 1.821.661,00 денари и по Фактура бр.120/2011 од 14.6.2011-износ од 1.809.119,00 денари).

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе се објави во „Службен весник на РМ".

О б р а з л о ж е н и е

Советот за радиодифузија на РМ на првото продолжение на 5-та седница, одржано на 21.03.2012, врз основа на член 64 од Законот за радиодифузната дејност („Сл. весник на РМ" бр. 100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/10, 145/10, 97/11, 13/12), а согласно Заклучокот на Советот, бр.02-1071/13 од 22.3.2012, иницираше постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на радиодифузерите кои не го емитуваат својот програмски сервис преку сателит, како и кои не го платиле доспеаниот годишен надоместок за дозволата. Советот одлучи на овие радиодифузери да им даде рок, најдоцна до 5-ти април 2012-та година, да го усогласат своето работење со Законот за радиодифузната дејност и доделената дозвола за вршење радодифузна дејност, како и да ги исполнат обврските кои произлегуваат од истата.

Во врска со ова, а со оглед дека ТРД „ПЕРСПЕКТИВА ТВ" ДООЕЛ Скопје, не го емитува својот програмски сервис преку сателит, како и ги нема платено доспеаните надоместоци за дозволата во вкупен износ од 3.630.780,00 денари (по Фактура бр.122/2010 од 11.6.2010 - износ од 1.821.661,00 денари и по Фактура бр.120/2011 од 14.6.2011 - износ од 1.809.119,00 денари), Советот му упати Предупредување, бр.05-1178/1 од 22.3.2012, при што му укажа дека е потребно најдоцна до 5-ти април 2012 година да отпочне со емитување на својот програмски сервис преку сателит, како и да ги плати погоре наведените надоместоци за дозволата, напоменувајќи му дека доколку не ги исполни овие обврски, во согласност со член 63, став 1, алинеи 3 и 4 и член 64 од Законот за радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија на РМ ќе му ја одземе дозволата.

Во врска со плаќањето на заостанатиот вкупен долг на доспеаните, а неплатени надоместоци за дозволата за вршење радиодифузна дејност, Советот за радиодифузија на РМ на 6-та седница одржана на 27.3.2012, согласно Заклучокот, бр.02-1201/8 од 28.3.2012, одлучи дека ТРД „ПЕРСПЕКТИВА ТВ" ДООЕЛ Скопје, може да го исплати на 3 (три) идентични рати, најдоцна до датумот на издавањето на новата фактура, односно пред 11 јуни 2012 година, за што наведениот радиодифузер мора да склучи Договор за плаќање на рати со Советот, најдоцна до 5-ти април 2012 година, во кој рок истиот мора да ја уплати првата рата, така што задоцнувањето, односно неплаќањето на било која рата ќе претставува основ за одземање на дозволата, согласно член 63, став 1, алинеја 4 и член 64 од Законот за радиодифузната дејност.

Исто така, Советот одлучи дека доколку ТРД „ПЕРСПЕКТИВА ТВ" ДООЕЛ Скопје, не склучи Договор за плаќање на рати, потребно е најдоцна до 5-ти април 2012 година да го плати заостанатиот вкупен долг на доспеаните, а неплатени надоместоци за дозволата за вршење радиодифузна дејност, бр.07-3482/1 од 26.11.2008, во вкупен износ од 3.630.780,00 денари. За можноста и условите за плаќање на рати, ТРД „ПЕРСПЕКТИВА ТВ" ДООЕЛ Скопје, беше известен од страна на Советот со допис бр.05-1178/3 од 28.3.2012 година.

Заклучно со 5-ти април 2012 година, ТРД „ПЕРСПЕКТИВА ТВ" ДООЕЛ Скопје, не отпочна со емитување на својот програмски сервис преку сателит и не го плати заостанатиот вкупен долг на доспеаните, а неплатени надоместоци за дозволата во погоре наведениот износ, односно не се јави во Советот заради склучување Договор за плаќање на надоместоците на рати. Со оглед на ваквата фактичка состојба, а имајќи ги во предвид одредбите содржани во член 63 став 1, алинеи 3 и 4 од Законот за радиодифузната дејност, согласно кои Советот за радиодифузија ја одзема дозволата ако по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот да врши радиодифузна дејност (алинеја 3), како и ако имателот на дозволата не го плати надоместокот во рокот утврден во дозволата (алинеја 4), Советот констатираше дека се исполнети законските претпоставки за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност, бр.07-3482/1 од 27.11.2008 година на ТРД „ПЕРСПЕКТИВА ТВ" ДООЕЛ Скопје.

Во врска со сето погоре наведено, Советот на 7-та јавна седница, одржана на 6.4.2012 година, согласно Заклучокот на Советот, бр.02-1363/2 од 9.4.2012 година, донесе одлука како во диспозитивот.

ТРД „ПЕРСПЕКТИВА ТВ" ДООЕЛ Скопје, се задолжи веднаш, а најдоцна во рок од 8 (осум) дена по приемот на оваа одлука да ги плати доспеаните, неплатени годишни надоместоци за дозволата за вршење радиодифузна дејност во вкупен износ од 3.630.780,00 денари (по Фактура бр.122/2010 од 11.6.2010 - износ од 1.821.661,00 денари и по Фактура бр.120/2011 од 14.6.2011 - износ од 1.809.119,00 денари).

Согласно член 65, став 2 од Законот за радиодифузната дејност, тужбата против оваа одлука, не го одлага извршувањето на одлуката.

Правна поука: Против одлуката за одземање на дозволата, Трговското радиодифузно друштво „ПЕРСПЕКТИВА ТВ" ДООЕЛ Скопје, има право во рок од 15 дена од денот на добивањето на одлуката да поднесе тужба до надлежен суд.

Бр. 07-101
10 април 2012 година
Скопје

Совет за радиодифузија на РМ
Заменик на претседателот,
м-р **Милаим Фетаи**, с.р.

Службен весник на Република Македонија

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.**
**Телефон: +389-2-55 12 400.**
**Телефакс: +389-2-55 12 401.**

**Претплатата за 2012 година изнесува 10.100,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2012049